HALKBANK
Skopje

# Градиме нов тим

Одлична можност да се приклучите кон  реномирана финансиска институција и да станете дел од професионалниот тим за работа со готовина, кој преку своите работни  активности додава вредност во унапредувањето на банкарските операции и ги поддржува активностите на клиентите на банката.

Согласно тековните потреби, процеси и активности во Халкбанк АД Скопје,
објавуваме оглас за прием на нововработени лица  на следната работна позиција:

## Референт за работа со готовина (Референца Бр. 008/2023)

**Главни работни задачи:**

- Обработка на дневни промети од клиенти на банката;
- Обработка на аманентни пратки;
- Опслужување на АТМ;
- Изработка на извештаи, записници и анализа за потребите на Дирекцијата;
- Следење и почитување на регулативата на НБРСМ,процедурите како и документи и информации добиени во врска работењето на банката;
- Останати редовни активности во склоп на Дирекцијата.

**Потребни квалификации и карактеристики:**

- Универзитетска диплома од Економски факултет или други релевантни факултети, или диплома од Средно училиште;
- Познавање на MS-Office (Word, Excel и Microsoft Outlook);
- Познавање на англиски јазик;
- Познавање на работа со готовина  ќе се смета за предност;

**Лични карактеристики за позицијата:**

- Објективност;
- Доверливост, чесност;
- Одлични усмени и писмени комуникациски вештини;
- Вештини за решавање на проблеми;
- Подготвеност и способност за учење, подобрување и понатамошен развој на професионални вештини;
- Динамичност;
- Способност да се работи ефикасно како дел од тим и поединечно и справување со стресни ситуации;
- Работа под притисок и реализација на задачи во кратки временски периоди;

**Бенефиции:**

- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Континуирани обуки за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;
- Продуктивно работно опкружување;
- Редовни тим билдинг и спортски активности и настани за дружење;

Доколку сте заинтересирани за позицијата, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до **15.05.2023** година, на следниов е-маил:
**career@halkbank.mk** со назнака: **Референца Бр. 008/2023 – Референт за работа со готовина.**
За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик со фотографија
Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката.
Во процесот на селекција, само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг ќе бидат контактирани и повикани на тестирање и/или интервју.